Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

Сектор за општи работи

Бр. 05-2183/1

Скопје, 15.07.2022 година

Врз основа на член 77 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19 од 01.02.2019г.), а согласно Усогласениот Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и измената на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година, министерот за правда **д-р Никола Тупанчески** ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## За јавна набавка на стоки

## Гориво за службени возила на Министерство за правда на бензиска станица со безготовинско плаќаше за период од 1 (една година)

1.За потребите на Министерството за правда, потребно е да се спроведе постапка од мала вредност за јавна набавка на стоки и тоа: – Гориво за службени возила на Министерство за правда на бензиска станица со безготовинско плаќаше за период од 1 (една година).

1.1.Предмет (вид) на набавка: Гориво за службени возила на Министерство за правда на бензиска станица со безготовинско плаќаше за период од 1 (една година).

1.2. Предметот на набавка не е делив на делови.

2. За задоволување на потребата од точка 1 на оваа Одлука се утврдуваат средства во **вкупен износ од** 1.000.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 180.000,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ во износ од 1.180.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 421, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

3. Начин и постапка за доделување на договорза јавна набавка

Постапката да се спроведе согласно **член 49**, од Законот за јавните набавки ("Службен весник на РМ" бр.24/19), односно со спроведување на **поедноставена отворена постапка**, за доделување


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification
BUREAU VERITAS 1828

на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас со користење на електронски средства преку ЕСЈН, која ќе заврши со спроведување на електронска аукција.

4. Критериум за доделување на договорот за јавна набавка согласно **член 99 економски најповолна понуда и се утврдува врз основа на најниска цена.**

5. Плаќањето ќе биде вирмански, во рок до 30 дена од доставувањето на месечна фактура.

6. Постапката да заврши со склучување на договор за јавна набавка на стоки.

7. За целосна реализација на постапката за доделување на договор за јавна набавка се формира Комисија за јавна набавка во состав:
   - претседател на Комисијата: Ацо Живковски
   - членови: - Орхан Сулимани
     - Насер Ќамили

   - заменик претседател на комисија: Един Пачариз
   - заменици членови: - Зоран Георгиевски
     - Никола Бабановски

8. Се задолжува Комисијата од точка 7 да ја спроведе постапката согласно со одредбите од **член 79** од Законот за јавните набавки.
9. За донесената Одлука за јавна набавка да се известат претседателот, членовите и нивните заменици од Комисијата за јавни набавки.

10. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Усогласениот Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/1 од 25.01.2022 година и измената на Годишниот план за јавни набавки бр. 05-271/2 од 08.02.2022 година потребно е да се спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки. **Предмет на набавка е набавка на стоки – Гориво за службени возила на Министерство за правда на бензиска станица со безготовинско плаќаше за период од 1 (една година).**


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk
ISO 9001
BUREAU VERITAS Certification

За реализација на оваа набавка ќе се употребат средства во вкупен износ од 1.000.000,00 без вклучен ДДВ, ДДВ во вредност од 180.000,00 денари или вкупната вредност со вклучено ДДВ во износ од 1.180.000,00 денари.

Плаќањето ќе се изврши од редовна буџетската сметка на Министерството за правда 637, Програма 10-Администрација, Ставка 421, средства предвидени во буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

Согласно на горенаведеното донесов Одлука како во диспозитивот.

Доставено до:
- Комисија за јавни набавки
- Сектор за финансиски прашања

Министер за правда
д-р Никола Тупанчески

Подготвил: м-р Марина Миновска, раководител на одделение
Контролирал: Убавка Матевска Скаловска, Раководител на сектор


ISO 9001 BUREAU VERITAS Certification